**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5668 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во седмиот десетдневен период, од 1 до 10 ноември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет

на мониторинг согласно Методологијата. Радиото емитува вести со времетраење од 1 до 2 минути, на секој половина час, поврзани со најактуелните теми и случувања од земјата и светот.

## *Посебни информативни емисии*

### *Други информативни програми*

*„Ноќен експрес“*

На 2 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот и 2 минути се емитуваше премиерното издание на „Ноќен експрес“ на тема: Плати или умри, корупција во секојдневниот живот. Гости беа: Мишо Поповиќ– Институт за демократија и доктор Дејан Ставриќ – осуден за корупција. Беше направен разговор со Менче Атанасова Точи – автор за истражувачки стории во здравството од Нова ТВ, долгогодишен хроничар на неприликите во македонското здравство, а зборуваше за корупциските лавиринти во здравството, за очајните пациенти, исплашените лекари, ниските плати итн. Потоа имаше телефонски разговор со Фатмир Бутиќи – извршен директор на Комората на северо-западна Македонија, во кој тој рече дека луѓето се навикнати дека треба да дадат нешто за да завршат добра работа. На крајот од емисијата беше направен и разговор со Јован Трпеновски – поранешен антикорупционер, кој зборуваше за случаите на Државната комисија за антикорупција („Бачило“ и продажбата на Окта, каде биле констатирани многу неправилности). Репризното издание беше на 6 ноември 2016 година.

На 5 ноември 2016 година, со почеток во 12 часот и 11 минути, се емитуваше репризното издание на „Ноќен експрес“ на тема - Фудбал на екс. Гости беа: Игор Алексовски – голман на фудбалскиот клуб Вардар и репрезентативец на младата репрезентација до 21 година и Благоја Милевски – селектор на младата фудбалска репрезентација до 21 година. Дел од прашањата на кои се разговараше беа: Има ли шанси за успех репрезентацијата на Македонија на европското првенство до 21 година? Ќе се пласира ли репрезентацијата на Македонија на европското првенство? Ни треба ли дополнителен селектор? Беа реализирани и разговори со: Игор Филевски-Филе, спортски новинар; Кире Маркоски, фудбалер; Артим Шакири, поранешен репрезентативец; и Бобан Николов, капитен на младата репрезентација.

На 7 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот и 1 минута, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес“ на тема – Институциите ги штитат работодавачите наместо работниците. Гости во емисијата беа: Димитар Апасиев – професор по римско право и стручњак за синдикално организирање; Ангел Димитров – претседател на Организацијата на работодавачи на Македонија; Горан Трајков – здружение „Гласно“. Беше направен и разговор со Јаким Неделков, претседател на СОНК. Емисијата главно беше фокусирана на синдикалното организирање на текстилните работници во источниот дел на Македонија.

На 9 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес“ на тема: Политичарите побогати од бизнисмените? Гости беа: Миомир Серафимовиќ – новинар истражувач и Зелал Незири – истражувач ЗГ „Скуп“. Се емитуваше телефонска анкета за тоа кој е најбогат политичар во Македонија, дали политичарите имаат пари колку секој втор бизнисмен, дали бизнисмените тежат колку секој втор политичар во Македонија, дали се сметаат за богати итн? Со изјави одговарајќи на овие прашања беа вклучени: Ивон Величковски, претседател на ЛП; Јове Кекеновски од ФРОДЕМ; Есад Рахиќ, политичар. Беше направена и анкета со градоначалници. На зададените прашања одговараа: Арсенчо Алексов, градоначалник на Крива Паланка; Зоран Дамјановски, градоначалник на Куманово; Ратко Димитровски, градоначалник на Кочани.

*„Стадион“*

Премиерното издание на емисијата „Стадион“ со водителката Весна Коловска беше на 5 ноември 2016 година. Темата беше – Македонија земја на местенки? Водителката како вовед во емисијата, направи

осврт на настаните од неделата што измина, при што наведе дека поранешниот прв човек на УБК, Сашо Мијалков, два пати се појавил пред јавноста во судница и дека ништо не кажал. Беа емитувани делови од интервјуто на Диме Спасов дадено за ТВ Нова и од прес-конференцијата на министерот Оливер Спасовски – МВР за „местенката". Потоа новинарот ја прочита изјавата на посочениот напаѓач Етем Абази дадена за ТВ 21, а беше пуштена и снимка од Даут Динарица за истата телевизија. За овој случај беше прочитан и текст од сатиричниот портал Козаностра.мк. Медиумот посвети внимание и на новата Коалиција „ВМРО за Македонија". Во текот на емисијата се вклучуваа слушатели со свои ставови за зададените теми.

*„Моја општина"*

Емисијата „Моја општина" содржи краток информативен блок во кој се претставуваат настани и редовни активности на општините. Во извештајниот период беа реализирани 3 изданија на емисијата „Моја Општина".

На 5 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Струмица"** (09:30:30–09:43:28) се претставени следниве активности и случувања: Се финализира проектот „Поддршка за млади" кој од граѓаните на буџетскиот форум во октомври минатата година е избран за најприоритетен. Оваа година се реализирал со помош на 8 млади луѓе. Наградите ги врачил градоначалникот Зоран Заев; ЈП Паркиралишта деновиве опремиле пет паркинг простори, работата била реализирана со Здружението на граѓани ВК Актив; Отворање на меѓународната научна конференција „Мисирков – предизвик за нови проучувања во науката" која што се одржала во Струмица. Посакувајќи им срдечно добредојде и успешна работа на научните работници кои го проучуваат македонскиот јазик и делото на Крсте Петков Мисирков од Македонија, Србија, Словачка, Полска, САД и Кина, градоначалникот Зоран Заев, го потенцирал значењето на Мисирков и неговото дело.

На 5 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Тетово"** (13:06:19–13:15:15), беа емитувани следниве прилози: Се одржа 42 седница на Советот на Општина Тетово на која се донесоа нови одлуки. Даден е предлог за стеснување на улицата Благоја Тоска кај мостот на реката Пена поради проблеми со експропријацијата на земјиште од 24 на 21 метар. Усвоен е предлогот за истовар на стоки до 12 часот, наместо досегашната одлука до 8 часот. Изгласан е предлогот за зголемување на бројот на деца по групи во детската градинка „Младост". Донесена е одлука за легализрање на дивоградби, а до 31 декември предавање на елаборатите.

На 5 ноември 2016 година, во **„Моја општина – Куманово"** (17:10:56 – 17:30:05) се претставени следниве активности и случувања: Поднесени 70 предлози до Комисијата за доделувања на награди и признанија за одбележување на празници и манифестации на Општината. Српската група Милигарм ќе пее на плоштадот во Куманово на 11 ноември, денот на ослободувањето на градот. Општината издвои 7.000 евра за концертот. Мостот во населбата Карпош на улицата „100" наскоро ќе биде саниран. Мостот е во критична состојба. Во ОУ Христијан Тодоровски Карпош започна проектот за едукацијата на учениците за рециклирање на електричен отпад. Претходно во училиштето биле сменети прозорците. Во Центарот за јавно здравје Куманово почнало вакцинирањето за сезонскиот грип.

***Сектор за програмски работи***